Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-4319/2 од 29.11.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 35-та седница одржана на 29.11.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. Се одобрува зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-ва година, бр.05-4211/1 од 18.11.2021 година.

Вкупно планираните приходи и расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-ва година ќе се зголемат за 2.850.000,00 денари, односно ќе изнесуваат 129.667.233,00 денари.

2. Со зголемувањето од точка (1) на оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 2.850.000,00 денари, наменети за:

- доделување на еднократна финансиска помош за македонските државјани кои загинаа, како и за оние кои се повредени во автобуската несреќа што се случи на 23.11.2021 година во Република Бугарија во износ од 2.850.000,00 денари.

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се извршува со измена на следните позиции:

- **Вкупните приходи** ќе се зголемат за 2.850.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 126.817.233,00 денари ќе изнесуваат 129.667.233,00 денари;
- Приходната ставка **Пренесени вишок средства од мината година** ќе се зголеми за 2.850.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 3.260.233,00 денари ќе изнесува 6.110.233,00 денари;
- **Вкупните расходи** ќе се зголемат за 2.850.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 126.817.233,00 денари ќе изнесуваат 129.667.233,00 денари;
- Ставката **450- Помошти, донации и други давања на субјекти** ќе се зголеми за 2.850.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 1.000.000,00 денари ќе изнесува 3.850.000,00 денари;
- Позицијата **450100- Помошти, донации и други давања на субјекти,** ќе се зголеми за 2.850.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 1.000.000,00 денари ќе изнесува 3.850.000,00 денари;

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за 2021 година, со цел да се обезбедат средства наменети за доделување на еднократна финансиска помош за македонските државјани кои загинаа, како и за оние кои се повредени во автобуската несреќа што се случи на 23.11.2021 година во Република Бугарија.

За да се зголемат приходите, потребно е да се направат измени на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година и тоа. Приходната ставка Пренесени вишок средства од мината година ќе се зголеми за 2.850.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 3.260.233,00 денари ќе изнесува 6.110.233,00 денари.

Имено, со предложеното зголемување на финансискиот план за 2021 година, вкупните планирани приходи според планот ќе се зголемат за 2.850.000,00 денари, односно ќе изнесуваат 129.667.233,00 денари.

За да се обезбедат средства во износ од 2.850.000,00 денари, потребно е да се изврши промена на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година и тоа: Групна ставка која гласи 450- Помошти, донации и други давања на субјекти ќе се зголеми за 2.850.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 1.000.000,00 денари ќе изнесува 3.850.000,00 денари. Наведените средства се наменети за доделување на еднократна финансиска помош за македонските државјани кои загинаа, како и за оние кои се повредени во автобуската несреќа што се случи на 23.11.2021 година во Република Бугарија. Позицијата 450100 - Помошти, донации и други давања на субјекти ќе се зголеми за 2.850.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 1.000.000,00 денари ќе изнесува 3.850.000,00 денари.

Имено, со предложеното зголемување на финансискиот план за 2021 година, вкупните планирани расходи според планот ќе се зголемат за 2.850.000,00 денари, односно ќе изнесуваат 129.667.233,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-4319/2 од 29.11.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 35-та седница одржана на 29.11.2021 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр. 05-4348/1**

**29.11 2021 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директорот;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи-Архивата;